СТ-68/18

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Лазо Ѓоргоноски, постапувајќи по предлогот на предлагачот Василе Василески од Струга, за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за производство, трговија и услуги МАРЛИ Василе, ДООЕЛ увоз-извоз,Струга, вон рочиште, на ден 21.08.2018 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Према стечајниот должник Трговско друштво за производство, трговија и услуги МАРЛИ Василе, ДООЕЛ увоз-извоз, Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 5817102, даночен број 4026003125614, со трансакциска сметка број 530020100386154 во Охридска банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Зоран Стојкоски од Вевчани, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 30.08.2018 2018 година во 9,30 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, канцеларија број 32.

На рочиштето се повикуваат предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник.

## Образложение

Предлагачот Василе Василески од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка према стечајниот должник Трговско друштво за производство, трговија и услуги МАРЛИ Василе, ДООЕЛ увоз-извоз,Струга .

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Лазо Ѓоргоноски с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:

* привремениот стечаен управник
* ВЕБ страната на судот
* Централен регистар
* предлагачот
* должникот заедно со предлогот за поведување на стечајната постапка